


# НОВИОТ RAV4 и RAV4 HYBRID

| Ниво на опрема | БЕНЗИН | | | | HYBRID | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2.0 Valvematic AWD 151 к.с. 6 M/T | | 2.0 Valvematic AWD 151 к.с. Multidrive S | | 2.5 HYBRID 2WD Automatic 197 к.с | | 2.5 HYBRID 4x4 Automatic 197 к.с | |
| **ЦЕНА** | **Денари** | **Евра** | **Денари** | **Евра** | **Денари** | **Евра** | **Денари** | **Евра** |
| Comfort | 1,859,380 | **29,990** | - | - | - | - | - | - |
| Executive | - | - | 2,138,380 | **34,490** | - | - | - | - |
| Executive Hybrid | - | - | - | - | **2,107,380** | **33,990** | - | - |
| Executive Hybrid ***NAVI*** | - | - | - | - | **2,200,380** | **35,490** | - | - |
| Executive Plus Hybrid | - | - | - | - | - | - | 2,293,380 | **36,990** |
| Executive Plus Hybrid ***NAVI*** | - | - | - | - | - | - | 2,386,380 | **38,490** |
| Luxury Hybrid | - | - | - | - | - | - | 2,479,380 | **39,990** |

**ГАРАНЦИЈА**

**6 години или 200.000 км на хибриден погон, 5 години/100.000 км на батерија**

**Анти-корозивна гаранција: 12 години**

**10 години бесплатна грижа за хибридната батерија (само хибрид)**

**Патна помош:** 
**5 години (Макдонија) - 2.900,00 Ден**
**5 години (Европа) - 3.900,00 Ден**

## RAV4 2.5 HYBRID AWD:ПОГОН, АКТИВНА БЕЗБЕДНОСТ И ДИНАМИКА НА ВОЗЕЊЕ

- RAV4, креаторот на компактниот SUV сегмент во светот повторно ги пишува правилата со новиот RAV4 HYBRID!
- ЦЕЛОСЕН хибрид (HSD, Hybrid Synergy Drive),интегрира 2,5-литарски бензински мотор (155 КС), преден електромотор (143 КС) и заден електромотор (68 КС)
- Автоматска,безстепена, хибридна трансмисија (E-CVT, Electronic-Continuously Variable Transmission)
- Автоматски, интелигентен погон на четири тркала (Hybrid AWD, All-Wheel Drive) со електричен погон на задната оска преку моќен електромотор: 650V / 68 к.с. / 139 Њм
- Аналогно на Integrated Dynamic Drive System, с-мот Hybrid AWD интелигентно ги интегрира и координира активноста на бројни системи за постигнување на максимален контрола на возилото на сува или лизгава подлога:
  - Благодарение на сензори,кои ги следат отстапувањата од избраната траекторија на движење,аголот на вртење и брзината,системот Hybrid AWD проактивно и динамично го распределува вртежниот момент меѓу предната и задната оска. Бидејќи задната оска е целосно електрична, практично нема никакво доцнење на погонот на задните тркала.
  - Првата , основна функција на системот Hybrid AWD, е преку интелигентно, автомастко задвижување на 4-те тркала системот да обезбеди максимална 4x4 проодност на лизгава подлога - на патот и надвор од него (снег, кал, песок).
  - RAV4 Hybrid AWD секогаш поаѓа со погон на 4 тркала и одржува 4x4 погон до 10 км / ч (на сув пат) и до поголема брзина на лизгави коловози и / или наклон. Кога системот Hybrid AWD ќе процени дека возилото се движи безбедно, автоматски го запира префрлувањето на вртежниот момент на задните тркала со цел оптимизирање на потрошувачката на гориво.
  - При стрмнини, системот Hybrid AWD автоматски го распределува вртежниот момент меѓу предниот и задниот мост во зависност од степенот на навалување, гарантирајќи одличен старт, стабилност и безбедност.
  - Системот Hybrid AWD проактивно му помага на возачот во динамичното управување на RAV4 во свиоци - на сува или лизгава подлога. Во свиоци системот го детектира отстапувањето од избраната траекторија на движење и при ризик од недоволно вртење или нагли свртувања интелигентно и проактивно го распределува вртежниот момент помеѓу предните и задните тркала. Така с-мот проактивно му помага на возачот во самоуверено, стабилно и безбедно следење на траекторијата на свиокот.
- Селекција на 4 режими на возење: EV / NORMAL / ECO / SPORT
  - Електричниот режим EV е автоматски режим кај секој целосен хибрид Toyota. Под 65 km / h (при тргнување, рамномерно движење, движење по инерција или прекин) хибридниот систем автоматски и неосетно го исклучува бензинскиот мотор и ги користи само електромоторите, за да го придвижи возилото - речиси безшумно ,без потрошувачка на гориво и со нула емисија на штетни гасови. Значи до 50% од вкупната градска километража на хибридите на Toyota се врши во целосно електричен режим, што е причина за ниската потрошувачка. Кога го активирате режимот EV рачно преку копчето, му наложувате на хибридниот систем да го користи максимално долго електричниот режим (до исцрпување на батеријата или пречекорување на забрзувањето / максималната брзина).
  - Режимот NORMAL е стандарден, оптимален режим на RAV4 Hybrid AWD, кој е секогаш активен, освен ако не изберете друг режим на возење.
  - Во режимот ECO се намалува чувствителноста на педалот за гас за изразено економично возење, а климатизацијата се подесува во оптимален, еколошки режим.
  - Во режимот SPORT се изострува чувствителноста на педалот за гас и реакцијата хибридниот систем за изразено спортско возење.
- КАКО РАБОТИ целосниот хибрид TOYOTA RAV4 HYBRID AWD:

  1) Стартување и поаѓање: При секое поаѓање во даден момент се испорачуваат 409 Њм моќност на сите 4 тркала преку двата моќни електромотори. Прилив на 650V струја се обезбедува од хибридната батерија. Во овој момент,возилото е речиси безшумно, не користи гориво и не испушта штетни гасови. Зачудувачката брзина на поаѓање на RAV4 Hybrid AWD е неспоредлива со конвенционалните автомобили.

  2) Нормални услови на возење: При возење со брзина над 65 км / ч високоефикасниот бензински мотор се вклучува во погонот на предната оска речиси безшумно, а во исто време двата електромотори продолжуваат да му помагаат на погонот по потреба. Со прецизна дистрибуција на енергијата од двата извора, хибридниот систем обезбедува исклучителна удобност на возење, во комбинација со ниска потрошувачка и минимално испуштање на штетни гасови.

  3) Максимално забрзување: При силно притискање на педалот за гас и двата електромотори веднаш почнуваат да го помагаат бензинскиот мотор слично на турбо. Ова обезбедува прилив на огромен електричен вртежен момент на сите четири тркала и исклучително брзо и линеарно забрзување до максималната брзина на возилото. Инстант реакцијата и еластичноста на хибридите на Toyota при претекнување се импресивни!

  4) Движење по инерција, намалување на брзината и запирање: При движење по инерција, намалување и целосно сопирање, хибридниот систем го исклучува моторот, а електромагнетната сопирачка ја регенерира кинетичка енергија (која другите автомобили ја губат), је претвара во струја и ја складира во батеријата. Истата таа енергија Хибридот ја користи за последователно забрзување . Затоа целосните хибриди на Toyota немаат потреба од надворешно полнење. Генијално и ефикасно!

## RAV4 2.0 VALVEMATIC AWD:ПОГОН, СУСПЕНЗИЈА, АКТИВНА БЕЗБЕДНОСТ И ДИНАМИКА НА ВОЗЕЊЕ

- **Автоматски погон на сите тркала*** (Hybrid AWD, All-Wheel Drive)
- **Интегриран активен систем за контрола на управувањето*** (Integrated Dynamic Drive System, IDDS), кој што интелигентно го интегрира и координира дејствувањето на следните **3 системи** со цел да постигане врвна контрола на автомобилот на суви и влажни коловози :

1) **Систем за контрола на стабилноста на возилото** (VSC+, Vehicle Stability Control Plus)
2) **Електричен серво управувач, осетлив на брзина** (EPS, Electric Power Steering)
3) **Активен систем за управување на погонот 4x4* (Dynamic Torque Control AWD):**

Благодарение на сензорите, аголот на вртење и брзината, системот проактивно и динамично го распределува вртежниот момент помеѓу предните и задните тркала во сооднос од 100:0 до 50:50. Времето кое е потребно системот да ги придвижи задните тркала е само **0.1 секунда !**

- Првата, основна функција на системот Dynamic Torque Control AWD, е преку интелигентното, автоматско придвижување на четирите тркала да обезбеди одлична 4x4 проодност на лизгава површина, како на пат, така и надвор од него (снег, кал, песок).

- Втората, комплетно нова функција на Dynamic Torque Control AWD, е **проактивно да му помага на возачот** во динамичното управување на RAV4 во свиоци, на сува или лизгава површина. Во свиоци системот ја следи избраната траекторија на движење и при ризик од недоволно свртување интелигентно и проактивно го распределува вртежниот момент помеѓу предните и задните тркала во сооднос од 100:0 до 50:50. Така системот проактивно му помага на возачот во уверено и стабилно следење на траекторијата на свикот.

- При секое завртување на управувачот системот Dynamic Torque Control AWD превентивно насочува 10% од вртежниот момент кон задните тркала и автоматски, во реално време, прогресивно го зголемува до 50%, со што проактивно му помага на возачот за стабилно движење во свиоци. Накратко, RAV4 влегува во свиок со погон 90:10, во свиокот е 50:50 и излегува од свиокот со сооднос 90:10 помеѓу предните и задните тркала

- Избор помеѓу 2 режими на возење **SPORT & NORMAL*** (преку копче на таблата):

1) Во режим SPORT електричниот серво управувач се "укрутува" до 20%, за да обезбеди подиректно управување и повеќе повратни информации од патот
2) Режим **NORMAL** е неутрален режим на возење,со оптимални поставки на системите, кој што се вклучува автоматски при секое стартување на моторот или со исклучување на режим Sport

- **Блокада AWD LOCK***. Оваа офроуд функција го блокира распределувањето на вртежниот момент напред / назад во фиксен сооднос 50:50.
  Постојано придвижување на четирите тркала, што овозможува уверено надминување на сите предизвици надвор од патот, особено во отсуство на добра подлога (снег, кал, песок).
  Блокадата се активира преку копче на таблата и автоматски се исклучува при достигнување на брзина од 40 км/ч.

## RAV4 2.0 VALVEMATIC AWD| MULTIDRIVE S :ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНКЦИИ СО АВТОМАТСКИ МЕНУВАЧ

- Автоматска безстепена трансмисија Multidrive S со можност за рачно менување на брзините преку "перца" на управувачот
- Вградени "перца" на управувачот за рачно менување на брзините
- Систем за помагање при движење на надолнина (DAC, Downhill Assist Conrtol). Се активира преку копче, овој систем автоматски го прилагодува сопирањето на секое од 4-те тркала , го спречува блокирањето и гарантра стабилно и безбедно симнување по стрмни површини со мала брзина.
- Дополнителни функции во режим SPORT:
  - Во режимSPORT дополнително се изострува чувствителноста на педалот за гас и реакцијата на автоматскиот менувач за поизразено спортско возење. Брзините се менуваат побрзо, а моторот работи на повисоки вртежи за подинамично управување и поефективно намалување на брзината  преку ефектот на "моторна сопирачка"
- Дополнителни трет режим ECO:
  - Во режим ECO се намалува чувствителноста на педалата за гас за поизразено економично возење, а клима уредот се прилагодува во по-оптимален,

## RAV4: СТАНДАРДНИ ФУНКЦИИ ЗА ДВИЖЕЊЕ, ПОТПИРАЊЕ , ПАСИВНА И АКТИВНА БЕЗБЕДНОСТ , И ДИНАМИКА НА ВОЗЕЊЕ

**АКТИВНА БЕЗБЕДНОСТ, ДИНАМИКА НА ВОЗЕЊЕ И ПОТПИРАЊЕ**

- Start & Stop систем кој автоматски го исклучува моторот при запирање на возилото и повторно го вклучува при притискање на педалот за гас (авмотатски менувач), квачилото (мануелен менувач) со цел намалување на потрошувачката на гориво во градски услови ( стандард за сите бензиски и дизелски агрегати со M/T и A/T)
- Антиблокирачки систем за сопирање, со електронско распределување на силата на сопирањето и помош при сопирањето (ABS + EBD + BA)
- Систем за контрола на влечната сила (TRC, Traction Control) со автоматско блокирање на вртењето на тркалата, распределба на преносот на вртежниот момент и регулирање на вртежите на моторот (со копче за исклучување)
- Систем за контрола на стабилноста на возилото (VSC, Vehicle Stability Control)
- Систем за помош при тргнување на нагорнини (HAC, Hill-start Assist Control). Автоматски го задржува автомобилот 2 сек со активирање на сопирачките на 4 тркала
- Систем за контрола на стабилноста на приколка (TSC, Trailer Stability Control), преку сензори за дестабилизирање на тежина на приколката. Кога ќе се  забележи ризик од нишања на приколката, системот автоматски применува корекција на брзината и страничното навалување, го предупредува возачот и ги активира стоп-светлата на возилото.
- Електричен серво управувач, осетлив на брзина (EPS, Electric Power Steering)
- Активни стоп светла,автоматски пулсирачки при ненадејно сопирање ( EBS, Emergency Brake-Light Signal)
- Индикатор за издишан пневматик (TPWS)
- Потпирање напред, независно потпирање тип MacPherson со пружини
- Потпирање назад, независно потпирање со двоен носач

**ПАСИВНА БЕЗБЕДНОСТ**

- Максимални 5 ѕвездички за безбедност од Euro NCAP 2013
- Браници конструирани да ја апсорбираат силата при удар, и на тој начин да ги штитат пешаците
- Интегрирани греди во вратите, за заштита од страничен удар
- Стандарден пакет од 9 воздушни перници, интегрирани во системот за пасивна безбедност:
  - 2 Фронтални, воздушни перници за предните седишта со можност за исклучување на совозачкото перниче
  - 2 Странични, двокоморни, воздушни перничиња за  предните седишта,
  - 2 Странични, воздушни перници тип "Завеси" на предните и задните седишта
  - 1 Воздушно перниче за колена, возач
- Предни, заштитни ремени со автоматско затегнување и регулирање на висината
- Заштитни ремени на задните седишта
- Предупредување за непоставени ремени на првиот ред на седишта
- Предни седишта со систем за намалување на можноста за повреди при судар
- Потпирачи за глава, рачно регулирачки по височина за сите 5 места
- Isofix држачи, надворешни, задни седишта
- Заштита за отварање од внатре на задните врати (child-lock)
- Централно заклучување со далечинско и систем за заштита од кражба имобилајзер

## НИВО COMFORT (Стандардна опрема за моделот 2.0 VALVEMATIC)

**НАДВОРЕШНОСТ**

- 17" стилизирани челични тркала со 5 краци и гуми 225/65 R17 H
- Привремено резервно тркало сместено во багажниот простор (T165/80 D17ST)
- Двојни халогени фарови со проекторни леки на средното светло и функција "Follow me home"
- Електрично подесување на предните светла по височина
- Систем за чистење на предните светла,интегриран во предниот браник.
- Предни светла за магла со хромитани оквири
- LED, задни стоп светла и централно стоп светло
- LED, автоматски дневни светла при стартување на моторот  (Daytime Running Lights) **(важна напомена: дизајнот на LED дневните светла се разликува зависно од опремата и моторизацијата)**
- Странични ретровизори во боја на каросерија со вградени  LED трепкачи, електрично регулирани и греени
- Предни и заден бришач програмирани на интервали
- Систем за одмрзнување на задното стакло со тајмер за автоматско исклучување
- Задна врата која се отвара нагоре и спојлер со вградено 3-то LED стоп светло
- Антена во форма на перка од ајкула
- Браници и рачки на вратите во боја на каросеријата
- Црни, офроуд штитници на крилата и праговите
- Хромирани лајсни на прозорците
- Тонирани стакла со UV зашита и топлотна изолација
- Пакет за студени региони:
  - систем за одмрзнување на предното стакло со грејач за брисачи
  - казанче за течност за брисачи со зголемен капацитет: 4.8 литри
  - предупредување за ниско ниво на течност за брисачи

**ВНАТРЕШНОСТ - КОМФОРТ И УДОБНОСТ**

- Мануелен клима уред
- Електрика на предни и задни прозорци
- Мултифункционален трикрак кожен управувач со вградени команди за аудиосистемот, телефонот и борд компјутерот
- Управувач рачно регулирачки по височина и длабочина
- Терепкачи со 3 повторувања на сигналот при допир на рачката и автоматско враќање
- Централна брава со далечинско управување
- Автоматско заклучување на возилото при постигнување на одредена брзина
- Текстилни седишта
- Греење на предните седишта со 2 степени на регулација
- Хромирани внатрешни рачки на вратите
- Квалитетен мек тапацир на инструменталната табла
- Осветлување во внатрешноста на возилото и багажниот простор
- Огледала на предни штитници за сонце
- Предни седишта рачно регулирани, 6-насочна регулација возач ( со висинско прилагодување ) 4-насочна регулација совозач

- Подесување на аголот на наслоните на задните седишта (60:40)
- Исклучително низок товарен раб на багажниот простор, само 65 cm од земјата
- Подвижна, мултифункционална, хоризонтална мрежа за  предмети во багажникот
- Дополнителен простор за чување на предмети под подот на багажникот (30 литри)
- Наслон за раце помеѓу предните седишта, со капак и простор за чување ситни предмети
- Подвижен наслон за раце помеѓу задните седишта со два држачи за чаши
- Предна преграда со заклучување
- Остава за мобилен телефон и предмети, 2 отвори за чаши помеѓу двете предни седишта
- Три извода 12V/120W (два на инструменталната табла и еден за задните седишта)  и подвижен пепелник

**АУДИО, КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАЦИИ**

- Аудиосистем со 4 звучници, CD, FM / AM  MP3 / WMA и команди на управувачот:
  - Bluetooth®
  - Вграден во таблата CD плеер со еден отвор
  - ' - USB и аудио влез за поврзување на iPod® и други преносни аудио системи
- Спортска инструментална табла
- Мулти-информационен 4,2" дисплеј во боја во инструменталната табла (внатрешна температура, просечна брзина, потрошувачка на гориво, просечна брзина и досег)
- Индикатор за избраниот режим на возење и индикатор за економично возење
- Индикатор за избраниот степен на пренос (автоматски менувачи) и за промена на степенот на пренос  (мануелни менувачи)

## НИВО EXECUTIVE ( Дополнителна опрема над ниво COMFORT 2.0 VALVEMATIC )

**НАДВОРЕШНОСТ**

- 17" алуминиумски тркала со 5 краци  и гуми 225/65 R17 H
- Багажни шини интегрирани на кровот на возилото
- Автоматски предни бришачи (сензор за дожд)
- Предни и задни паркинг сензори за помош при паркирање
- Автоматско вкучување и исклучување на предните светла (сензор за светла)
- Странични ретровизори во боја на каросерија со вградени LED трепкачи, електрично регулирани и греени, електронски склопливи

**ВНАТРЕШНОСТ - КОМФОРТ И УДОБНОСТ**

- Двозонски електичен автоматски клима уред, со независна контрола за возач и совозач, функција на внатрешна рециркулација на воздухот и 3 автоматски режими на интензитет
- Темпомат (Cruise Control)
- Систем за ограничување на касималната брзина (ASL, AdjustableSpeed Limiter)
- Електрохроматски ретровизор (автоматско затемнување)
- Кожен тапацир на менувачот и хромиран копче на рачната сопирачка
- Мек тапацир од црна, синтетичка кожа на инструменталната табла
- Мек тапацир од синтетичка кожа на подпирачите за раце и страниците на предните и задните врати
- Капак на предниот централен потпирач за раце тапациран со синтетичка кожа со функција на лизгање напред (само за RAV4 2.0 Multidrive S и RAV4 Hybrid)

**АУДИО, КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАЦИИ**

- Toyota Touch 2 мултимедијален систем:
  - 7" дисплеј во боја, со висока резолуција
  - Задна камера за помош при паркирање со визуализација на 7" дисплеј
  - Аудиосистем с 6 звучници
  - Радио со FM / AM
  - USB и аудио влезови за поврзување на iPod® nano, iPod® и други преносливи MP3 уреди
  - Целосна контрола на iPod и MP3 плеер преку екранот чувствителен на допир
  - Bluetooth® поврзаност со мобилен телефон, за репродукција на музика и автоматско превземање на телефонски именик
  - Мултимедијалниот систем Toyota Touch 2 претставува платформа, која што може да се надгради лесно и брзо до мултимедијален, навигационен систем со додавање на навигациониот модул Toyota Touch 2 & Go или Toyota Touch & Go Plus . За повеќе информации ве молиме обратете се во Toyota салонот.
- Дополнително копче на управувачот за гласовно управување на навигација, телефон и iPod
  (функцијата "гласовни команди" е достапна само со надградување со навигациониот модул Toyota Touch & Go Plus)

## НИВО EXECUTIVE HYBRID ( Дополнителна опрема над ниво EXECUTIVE: само за RAV4 2.5 Hybrid )

- Систем за автоматско отклучување/заклучување при допир на рачките на вратите и стартување на моторот со помош на копче (Smart Entry & Start System)
- Електрично, автоматско отварање/затварање на вратата на багажникот ( преку клучот, копче во кабината и копчево багажникот)
- Функција на памтење на на максималната височина на отварање на автоматската електрична врата на багажникот

## НИВО EXECUTIVE Plus ( Дополнителна опрема над ниво EXECUTIVE: 2.0 VALVEMATIC)

**НАДВОРЕШНОСТ**

- Систем за автоматско отклучување/заклучување при допир на рачките на вратите и стартување на моторот со помош на копче (Smart Entry & Start System)
- Електрично, автоматско отварање/затварање на вратата на багажникот ( преку клучот, копче во кабината и копчево багажникот)
- Функција на памтење на на максималната височина на отварање на автоматската електрична врата на багажникот
- Предни и задни паркинг сензори за помош при паркирање
- Силно затемнети задни и странични прозори

**ВНАТРЕШНОСТ - КОМФОРТ И УДОБНОСТ**

- Луксузен, црн тапацир на седишата со велур и страници обложени од природна кожа
- Спортски, црн тапацир на таванот
- Електрично прилагодување на на возачкото седиште во 6 насоки
- Електрично прилагодување на лумбалната потпора на седиштето на возачот
- Мек тапацир од синтетички велур на долниот дел на инструмент-таблата
- Мек тапацир од синтетички велур на потпирачите за раце на предните и задните врати
- Кожен, централен потпирач за раце за задните седишта

## НИВО EXECUTIVE Plus HYBRID ( Дополнителна опрема над ниво EXECUTIVE HYBRID: само кај RAV4 2.5 HYBRID)

**НАДВОРЕШНОСТ**

- Bi-LED предни фарови
- Предни и задни паркинг сензори за помош при паркирање
- Бесконтактно отворање на багажник со движење на нога под заден браник
- Силно затемнети задни и странични прозори

**ВНАТРЕШНОСТ - КОМФОРТ И УДОБНОСТ**

- Луксузен, црн тапацир на седишата со велур и страници обложени од природна кожа
- Спортски, црн тапацир на таванот
- Електрично прилагодување на на возачкото седиште во 6 насоки
- Електрично прилагодување на лумбалната потпора на седиштето на возачот
- Мек тапацир од синтетички велур на долниот дел на инструмент-таблата
- Мек тапацир од синтетички велур на потпирачите за раце на предните и задните врати
- Кожен, централен потпирач за раце за задните седишта

## НИВО LUXURY| LUXURY HYBRID ( Дополнителна опрема над ниво EXECUTIVE Plus|Executive Plus HYbrid )

**НАДВОРЕШНОСТ**

- Електричен сончев кров

**ВНАТРЕШНОСТ - КОМФОРТ И УДОБНОСТ**

- Кожни седишта од висококвалитетна, мека, природна кожа** и избор на 4 бои: Црна (LA20), Беж (LA40), Темно кафена ( LA30), Сива (LA10)
- Светол тапацир на таванот
- Мек тапацир од синтетичка кожа на долниот дел на инструмент-таблата, во комбинација со бојата на седиштата
- Луксузна инструмент-таблата со хромирани прстени на инструментите

** Заб: Предниот/седечки дел на седиштата е тапациран со природна кожа. Долниот (страничниот и задниот) тапацир на седиштата, кој што не е во контакт со телото на патниците е од синтетичка кожа.

## БОИ

| 040 Бела | 070 Бела Перла** | 1F7 Сребрена* | 209 Црна металик* | 3T3 Tokio црвена* | 1G3 Графитно сива* | 4U5 Темно кафена* | 4T3 Бронзена* | 221 Петролеј сина* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|



* Неметалик бојата (040 Бела) е вклучена во цената на возилото. Доплата за сите останати металик* бои : 800 € ( 49.600 ДЕН ), ** 070 Бела Перла1000 € (62.000 ДЕН)

| ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ | | БЕНЗИН | | ХИБРИД | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.0 Valvematic 6 M/T AWD | 2.0 Valvematic Multidrive S AWD | 2.5 HYBRID AWD E-CVT | 2.5 HYBRID 2WD E-CVT |
| Погон | | AWD / Автоматски на четирите тркала | | Hybrid AWD,автоматски на 4-те тркала | Hybrid 2WD,автоматски на 2-те предни тркала |
| Работна зафатнина на моторот | см3 | 1987 | 1987 | 2494 | |
| Горивен систем | тип | DOHC, 16V, Valvematic & Dual VVT-i | | DOHC,16V,Dual VVT-i | |
| Максимална моќност на хибридниот систем | к.с. | / | | 197 | |
| Макс. моќност на мотор со внатрешно согорување | к.с. при об./мин | 151 / 6200 | 151 / 6200 | 155/5700 | |
| Макс. моќност на преден електромотор | к.с | / | | 143 | |
| Макс. моќност на заден електромотор | к.с | / | | 68 | - |
| Макс. вртежен момент на мотор со внатрешно согорување | Њм при об./мин | 196 / 4000 | 196 / 4000 | 210/4200-4400 | |
| Макс. вртежен момент на преден електромотор | Њм | / | | 270 | |
| Макс. вртежен момент на заден електромотор | Њм | / | | 139 | - |
| Трансмисија | Тип и број на брзини | Мануелен 6-степен | Автоматски Multidrive S | Автоматски , хибриден E-CVT | |
| Максимална брзина | км / ч | 185 | 185 | 180 | |
| Забрзување (0-100 км/ч) | секунди | 9.9 | 10.7 | 8.3 | |
| Потрошувачка (комбиниран циклус)* | л / 100 км | 6.7 | 6.5 | 5.0 | 4.9 |
| Потрошувачка (градски циклус)* | л / 100 км | 8.5 | 8.2 | 5.1 | 5.0 |
| Потрошувачка (надвор циклус)* | л / 100 км | 5.7 | 5.6 | 4.9 | 5.0 |
| Резервоар | литри | 60 | 60 | 56 | |
| CO2 Емисија (комбинирано)* | г / км | 155 | 149 | 117 | 115 |
| Еколошка норма | | EURO 6W | | | |
| Потпирање | тип | Предно, независно потпирање тип MacPherson / Задно, независно потпирање со двојни носачи | | | |
| Должина / Широчина / Височина | мм | 4605 / 1845 / 1675 | | | |
| Меѓуоскино растојание | мм | 2660 | | | |
| Минимална одвоеност од земја | мм | 163 | | 177 | |
| Сопствена тежина (мин. – макс.) | кг | 1490-1585 | 1520-1615 | 1690-1775 | 1625 - 1710 |
| Максимална дозволена тежина (мин. – макс.) | кг | 2100 | 2110 | 2270 | 2205 |
| Влечен капацитет (со сопирачки/без сопирачки) | кг | 2000 / 750 | 1500 / 750 | 1650/750 | 800 / 750 |
| Зафатнина на багажен простор ** | литри | 547/1167/1735 | | 501/1054/1633 | |

* Потрошувачката на гориво и емисијата на CO2 се измерени во контролирана средина според Директива 80/1268/EEC. Стилот на возење, како и други услови ( патните услови, сообраќај, товар, број на патници и др.) можат да ги променат реалните показатели.

** Измерено според VDA методот на автомобил со привремена резервна гума. 1-ва бројка- со исправени задни седишта, 2-ра бројка- со исправени задни седишта со простор до таванот, 3-та бројка- со спуштени задни седишта со простор до таванот. Дополнително место за складирање на предмети во кутијата под багажниот простор (30 литра).

- *За подетални технички информации ве молиме симнете го прирачникот за користење на возилото на следниот линк:*
  http://www.toyota.com.mk/content/modelspdfs/197-rav4-2016-mk-2.pdf?t=1525096108
- TOYOTA Авто Центар го задржува правото за промена на цените и спецификациите без претходна најава.

**Toyota Авто Центар ДООЕЛ Скопје Булевар 8-ми Септември број 21 1000 Скопје, Република Македонија Телефон 02/30 88 880 Факс 02/30 88 888 e-mail: info@toyota.com.mk**